Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-034/2019

- Сектор за финансиски прашања –
Одделение за јавни набавки тел 02 3106 449

**Архивски број:** 07-6308/1
**Датум:** 02-09-2022

Врз основа на член 77 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ 24/2019 и 87/2021), а во врска со член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), Министерот за труд и социјална политика, донесе

# ОДЛУКА

**за јавна набавка како поедноставена отворена постапка за**
**Набавка на услуги за организирање на регионална конференција за размена на најдобрите практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен балкан**

1. Согласно одредбите од Законот за јавни набавки(Службен весник на РМ 24/2019 и 87/2021) за потребите на Министерство за труд и социјална политика потребно е да се спроведе поедноставена отворена постапка за набавка на услуги, со објавување на оглас преку ЕСЈН, според следните податоци:

2. Предмет на набавката е: **набавка на услуги за организирање на регионална конференција за размена на најдобрите практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен балкан.**

3. За реализација на точка 1 од оваа Одлука потребни се средства во износ од 1.070.000,00 денари без вклучен данок на додадена вредност, односно 1.262.600,00 ден. со вклучен ДДВ и истите се обезбедени во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика на донаторска сметка 1500100299785G1, за кое е добиена согласност од Сектор за еднакви можности при Договорниот орган, како и предвидена во Планот за јавни набавки за 2022 година.

4. Предметната јавна набавка ќе се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки и ќе заврши со е-аукција согласно член 49 став 1 и член 59 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ 24/2019).

5. Потребата од спроведување на постапката произлегува од Сектор за еднакви можности кај Договорниот орган, а врз основа на приложена техничка спецификација за спроведување на набавката во која се дефинирани потребните елементи согласно Законот за јавни набавки и позитивните законски прописи кои ја уредуваат проблематиката поврзана со јавната набавка, број 17-3995/1 од 19.05.2022 година . Потребата од спроведување на набавката е


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

размена на најдобрите практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен балкан.

6. Предметот на договорот не е поделен на делови од причина што набавката се однесува на еден вид на услуга и претставува една неделива целина.

7. Во оваа постапка не се предвидува учество на надворешно стручно лице.

8. За спроведување на предметната јавна набавка како поедноставена отворена постапка се задолжува Комисијата за јавни набавки на Договорниот орган ( во натамошен текст: Комисија) во состав:

| | |
|---|---|
| Претседател:Теодора В. Петровска<br>Член: Кадрије Јосифова<br>Член:Светлана Цветковска | Заменик: Маја Д.Пешевска<br>Заменик: Јасмина Иванова<br>Заменик: Фатир Али |

9. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

10. Примероци од оваа одлука да се достават до:

*-Архивата на Министерството за труд и социјална политика*
*-Комисија за јавни набавки*

*Министер*
*Јованка Тренчевска*

Изработил: Маја Додевска Пешевска
Одобрил: Славица Костовска

# Образец на записник од отворањето на понудите

1. Договорен орган (назив и адреса): Министерство за труд и социјална политика Ул.Даме Груев бр.14
2. Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН): 14648/2022
3. Предмет на јавна набавка: организирање на регионална конференција за размена на најдобри практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен Балкан
4. Проценета вредноста на набавката: Не е објавена
5. Датум, време и место на отворањето на понудите: 19.09.2022 10:00, Министерство за труд и социјална политика,кат 6ти канцеларија број 5
6. Членови на комисијата за јавна набавка:

Претседател на комисија Теодора Васиќ Петровска

Член на комисија Габриела Маџоска
Член на комисија Кадрије Мустафа

7. Овластените претставници на понудувачите се наведени во евидентниот лист во прилог
8. Вкупен број на примени понуди[1] : 2
9. Поднесени понуди[2] :

| Реден број | Понудувач | Групна понуда | Гаранција на понудата и износ на гаранција/Изјава за сериозност |
|---|---|---|---|
| 1 | Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица | Не | Изјава за сериозност |
| 2 | Друштво за трговија и туризам ТУРИСТ ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Битола | Не | Изјава за сериозност |

10. Забелешки на овластените претставници на понудувачите:

---

11. Други податоци што се читаат согласно со тендерската документација:

Записникот е изработен на 19.09.2022 година.

Потпис на членовите на комисијата за јавна набавка:

Претседател на комисија Теодора Васиќ Петровска

Член на комисија Габриела Маџоска
Член на комисија Кадрије Мустафа

[1] Во случај постапката да не се спроведува преку ЕСЈН, по исклучок во Законот за јавни набавки, се неведува број на задоцнети/изменети/повлечени понуди

[2] Приказ на понудените цени е даден во табела во прилог

# Табела со понудени цени

## Предмет на набавката/Дел од предметот на набавката [3] :

| Опис | Понудувач |
|---|---|
| Назив на понудувачот | Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица |
| Валута на понудата | MKD |
| Вкупна цена (без ДДВ ) | 1.145.000,00 |

| Опис | Понудувач |
|---|---|
| Назив на понудувачот | Друштво за трговија и туризам ТУРИСТ ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Битола |
| Валута на понудата | MKD |
| Вкупна цена (без ДДВ ) | 1.929.360,00 |

[3] Табелата се повторува онолку пати колку што има делови за кои има поднесено понуди

# Извештај за текот на е-Аукцијата на организирање на регионална конференција за размена на најдобри практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен Балкан

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум/Час на отворање на е-аукцијата | Датум/Час на затворање на е-аукцијата | Почетна цена на е-аукцијата | Минимална разлика во понудена цена | Максимална разлика во понудена цена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 14648/2022 | организирање на регионална конференција за размена на најдобри практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен Балкан | 07.10.2022 13:00:00 | 07.10.2022 13:20:00 | 1.127.000,00 | 11.270,00 | 112.700,00 |

**Понудувачи кои се поканети на е-аукцијата - почетна ранг листа**

| Име на понудувач | Понудена цена | Ранг |
|---|---|---|
| Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица | 1.127.000,00 | 1 |
| Друштво за трговија и туризам ТУРИСТ ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Битола | 1.423.069,80 | 2 |

**Листа на поднесени цени за времетраење на е-аукција од 07.10.2022 13:00:00 до 07.10.2022 13:20:00**

| Име на понудувач | Датум/Час на поднесување нова цена | Цена |
|---|---|---|
| | | |

*Ниту еден економски оператор не учествуваше во е-аукцијата*

**Конечно рангирање на понудувачите**

| Име на понудувач | Цена | Ранг |
|---|---|---|
| Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица | 1.127.000,00 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| Друштво за трговија и туризам ТУРИСТ ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Битола | 1.423.069,80 | 2 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр. 02-8302/7
10-10-2022 20__ год.
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНАТА ПОСТАПКА[1]

**1. Договорен орган (назив и адреса):** Министерство за труд и социјална политика, Ул.Даме Груев бр.14

**2. Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):** 14648/2022

**3. Предмет на јавна набавка:** организирање на регионална конференција за размена на најдобри практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен Балкан

**4. Проценета вредноста на набавката:** 1.070.000,00, зголемена со дополнување на одлука 1.127.000,00 денари

**5. Вид на постапка за јавна набавка:** Поедноставена отворена постапка

**6. Постапката се спроведува како групна набавка*:** Не

**(*Се пополнуваат ДО кои се дел од групната набавка):**

**7. Членови на комисијата за јавна набавка:**

Маја Додевска Пешевска - Претседател (заменик)

Кадрије Мустафа - Член

Габриела Маџоска - Член

**8. Надворешни стручни лица (ДА/НЕ):**

**9. Постапка за резервиран договор (ДА/НЕ):** Не

**10. Услови за учество/ недостатоци поради кои понудите ќе се отфрлат[2]**

По разгледување на понудите кои се предмет на евалуација комисијата утврди дека понудите на следниве понудувачи содржат недостатоци поради кои нема да се разгледуваат во понатамошната евалуација на понудите:

| Ред.бр | Понудувач | Образложение за причините |
|---|---|---|
| / | / | / |

**11. Услови за утврдување на способност**

**11.1 Во согласност со член 88 од Законот за јавни набавки, Комисијата изврши проверка на причините за исклучување од постапката[3]**

**Листа на понудувачи кои ќе бидат исклучени од постапката поради тоа што им е објавена негативна референца до истекот на крајниот рок за поднесување на понудите:**

| Ред.бр | Понудувач |
|---|---|
| / | / |

**11.2 Проверка на доставените документи за утврдување на способност**

**11.2.1. Понудувач:[4]**

**11.2.1.1. Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица**

| Групна понуда (ДА/НЕ) (листа на членови на група) | Подизведувачи (ДА/НЕ) (листа на подизведувачи) | Поддршка (ДА/НЕ) (листа на субјекти) |
|---|---|---|
| Не | | |

| Документ за утврдување на способност - изјава[5] | Доставен и валиден (ДА/НЕ) |
|---|---|
| Изјава за докажување на способност | Да |

**Објаснување за невалидноста на доставените документи и/или објаснување за исклучување од постапката во случаи наведени во член 88, став (2), точка (ѓ), и/или во член 88, став (4)[7]**

| |
|---|
| |

***Комисијата од овој понудувач побара да ги појасни/дополни документите за утврдување на способност кои не се јасни/не се комплетни,** ***(доколку документите се комплетни и валидни наведеното се брише)***

**11.2.1.2. Друштво за трговија и туризам ТУРИСТ ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Битола**

| Група понуда (ДА/НЕ) (листа на членови на група) | Подизведувачи (ДА/НЕ) (листа на подизведувачи) | Поддршка (ДА/НЕ) (листа на субјекти) |
|---|---|---|
| Не | | |

| Документ за утврдување на способност - изјава[5] | Доставен и валиден (ДА/НЕ) |
|---|---|
| Изјава за докажување на способност | Да |

**Објаснување за невалидноста на доставените документи и/или објаснување за исклучување од постапката во случаи наведени во член 88, став (2), точка (ѓ), и/или во член 88, став (4)[7]**

| |
|---|
| |

***Комисијата од овој понудувач побара да ги појасни/дополни документите за утврдување на способност кои не се јасни/не се комплетни, *(доколку документите се комплетни и валидни наведеното се брише)***

12. Врз основа на извршената проверка на приложените документи за способност на понудувачите/кандидатите и дополнително побараните објаснувања, комисијата заклучи дека следните понудувачи/кандидати не ги доставиле потребните документи/по барањето од комисијата не ги појасниле/дополниле документите/не ги исполниле условите за утврдување на способност наведени во тендерската документација и со тоа нивните понуди нема да се разгледуваат во понатамошната постапка на евалуација на понудите/до нив нема да биде доставена писмена покана за поднесување на првична понуда/понуда во следната фаза од постапката:

| Ред.бр | Понудувач/Кандидат | Образложение за неутврдување на способноста на понудувачот/кандидатот |
|---|---|---|
| / | / | / |

**13. Комисијата утврди дека понудите на следниве понудувачи се предмет на понатамошна евалуација/Комисијата ја изготви следнава листа на кандидати до кои договорниот орган ќе достави покана за поднесување на понуди во следната фаза:**

| Ред.бр | Понудувач/Кандидат | Дел/делови од предметот на набавката на кој се однесува понудата/пријавата за учество |
|---|---|---|
| 1 | Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица | / |
| 2 | Друштво за трговија и туризам ТУРИСТ ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Битола | / |

**14. Критериум за избор на најповолна понуда [8]**

Цена

**14.1 Начин на распределба на бодовите (образложение)**

| |
|---|
| |

**15. Разгледување на техничките понуди на понудувачите**

15.1. Комисијата ги разгледа техничките понуди на понудувачите во врска со условите и барањата од техничките спецификации.

**15.2 Понудувач: [9]**

**Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица**

| Ред.бр. / Број на дел | Понудено во техничките спецификации (краток опис/марка, бренд или ознака) | Дали се исполнети условите и барањата од техничките спецификации? (ДА/НЕ) |
|---|---|---|
| I | bicma | |

**Друштво за трговија и туризам ТУРИСТ ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Битола**

| Ред.бр. / Број на дел | Понудено во техничките спецификации (краток опис/марка, бренд или ознака) | Дали се исполнети условите и барањата од техничките спецификации? (ДА/НЕ) |
|---|---|---|

| Ред.бр. / Број на дел | Понудено во техничките спецификации (краток опис/марка, бренд или ознака) | Дали се исполнети условите и барањата од техничките спецификации? (ДА/НЕ) |
|---|---|---|
| 1 | , | ДА |

15.3 Врз основа на проверка на приложените технички понуди, комисијата заклучи дека понудите на следниве понудувачи не се во согласност со дефинираните технички карактеристики на предметот на јавна набавка, барањата и условите од техничките спецификации, како и во однос на условите за извршување или функционални карактеристики на предметот на јавна набавка наведени во тендерската документација, и со тоа нивните понуди нема да се разгледуваат во понатамошната постапка на евалуација на понудите:

| Ред.бр | Понудувач | Образложение за неприфатливоста на техничката понуда или дел од предметот на јавна набавка |
|---|---|---|
| | | |

**16.Разгледување на финансиските понуди на понудувачите**

16.1 Комисијата ги разгледа следниве финансиски понуди поднесени од понудувачите во врска со цената, соодветните финансиски и други услови утврдени со тендерската документација:

**16.2. Дел од предметот на јавна набавка [10]**

| Понудувач | Понудена цена | Цена по извршени исправки на аритметички грешки | Цена со даден попуст | Други финансиски услови |
|---|---|---|---|---|
| Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица | 1.145.000,00 | 1.127.000,00 | / | / |
| Друштво за трговија и туризам ТУРИСТ ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Битола | 1.929.360,00 | 1.423.069,80 | / | / |

16.3 Врз основа на проверка на приложените финансиски понуди во поглед на цената, соодветните финансиски и други услови од понудата, комисијата утврди дека следниве понуди се неприфатливи:

| Ред.бр | Понудувач | Образложение за неприфатливоста на финансиската понуда или дел од предметот на јавна набавка |
|---|---|---|
| / | / | / |

17. По целосна евалуација на способноста и на првичните понуди на понудувачите, комисијата предлага следниве понудувачи да се поканат да учествуваат во електронската аукција (доколку како крајна фаза се спроведува електронска аукција)

**17.1 Дел од предметот на јавна набавка [11]**

| Понудувач | Почетна цена | Почетен ранг |
|---|---|---|
| Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица | 1.127.000,00 | 1 |
| Друштво за трговија и туризам ТУРИСТ ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Битола | 1.423.069,80 | 2 |

**18. Конечно бодување и рангирање на понудите**

**18.1 Дел од предметот на јавна набавка [12]**

| Понудувач | Цена | Ранг |
|---|---|---|
| Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица | 1.127.000,00 | 1 |
| Друштво за трговија и туризам ТУРИСТ ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Битола | 1.423.069,80 | 2 |

**19. Предлог за избор на најповолна понуда/Предлог за поништување на постапката**

19.1 Комисијата согласно член 49, став (4) побара доставување на документите за утврдување способност:[13]

| Ред. бр. | Понудувач | Документи за докажување на способност<br>Валидни (ДА/НЕ)<br>Објаснување за невалидноста на доставени документи |
|---|---|---|
| / | / | / |

19.2 Врз основа на извршеното конечно бодување и рангирање на понудите, комисијата го доставува следниов предлог за избор на најповолна понуда:

| Ред. бр. | Дел/делови | Понудувач |
|---|---|---|
| 1 | организирање на регионална конференција за размена на најдобри практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен Балкан | Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица |

**20. Комисијата согласно член 101, став (9) дава предлог за издавање на негативна референца на понудувачот/ите:**

**21. Комисија за јавни набавки**

| | СОСТАВ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ПОТПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Претседател (заменик) | Маја Додевска Пешевска | [signature] |
| 2 | Член | Кадрије Мустафа | |
| 3 | Член | Габриела Маноска | [signature] |

[1] Во постапките кои се спроведуваат во повеќе фази овој образец (од точка 1 до точка 14) се однесува и на Извештај за оценување на способноста на кандидатите

[2] Како недостатоци се сметаат: непотпишана понуда, недоставени и/или невалидни: банкарска гаранција, изјава за сериозност и договор за поднесување на групна понуда

[3] Листата на понудувачи со негативна референца е автоматски генерирана од Електронскиот Систем за јавни набавки. Проверката на негативна референца за подизведувач или субјект кој дава поддршка се врши мануелно на ЕСЈН од страна на комисијата за ЈН

[4] Соодветните табели се повторуваат онолку пати колку што има понудувачи чии понуди се разгледуваат

[5] Се пополнува во случај на докажување на способноста со изјава кај поедноставена отворена постапка

[6] Се пополнуваат условите/документите кои се наведени во тендерската документација. Полињата се пополнуваат автоматски за оние позиции кои се селектирани на ЕСЈН при објавата на огласот

[7] Се пополнува за секој невалиден документ или исклучување - доколку има

[8] Доколку се избрани критериумите под 2 и 3 договорниот орган задолжително ги наведува елементите со максималните бодови и го објаснува начинот на кој ќе бидат распределени бодовите

[9] Точка 15.2 и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има понудувачи чии технички понуди се разгледуваат.

[10] Точка 16.2 и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има делови со понудувачи чии финансиски понуди се разгледуваат.

[11] Се пополнува за секој невалиден документ или исклучување - доколку има

[12] Точка 18.1 и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има делови од предметот на јавна набавка кои се евалуирани.

[13] Се пополнува во случај на поедноставена отворена постапка

## ПРИЛОГ А – ИЗЈАВА ЗА СЕРИОЗНОСТ НА ПОНУДАТА/ БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

**1. Проверка на доставени Изјави за сериозност на понудата**

| Ред.бр | Понудувач | Доставена и валидна изјава (ДА/НЕ) Објаснување за невалидноста |
|---|---|---|
| 1 | Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица | Да |
| 2 | Друштво за трговија и туризам ТУРИСТ ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Битола | Да |

**2. Проверка на доставени Банкарски гаранции**

| Проверка на исполнетоста на условот за доставување банкарска гаранција на понудата | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр | Понудувач | Барана вредност на банкарската гаранција во тендерската документација | | Доставена банкарска гаранција | Банка која ја издава банкарската гаранција | Вредност на доставената банкарска гаранција | Дали вредноста на доставената банкарска гаранција е во рамки на бараното |
| | | Процент | Износ | | | Износ | |
| / | / | / | | / | / | / | / |

## ПРИЛОГ Б – ИЗВЕШТАЈ ЗА ТЕКОТ НА ЕЛЕКТРОНСКАТА АУКЦИЈА[1]

[1] Овој извештај автоматски го генерира ЕСЈН

## ПРИЛОГ В - ДОПОЛНИТЕЛНО ПОБАРАНИ ПОДАТОЦИ, ОБЈАСНУВАЊА, ДОКУМЕНТИ И ДОКАЗИ

1. Дел од текот на постапката (фаза од постапката) за јавна набавка во кој договорниот орган бара од понудувачот/кандидатот да достави дополнително објаснување, документи и докази и по кој основ од Законот за јавни набавки:

**2. Барани објаснувања за невообичаено ниска цена (ДА/НЕ):**

| Побарани дополнителни податоци, објаснувања, документи и докази | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр | Понудувач/кандидат | Опис на побараните дополнителни податоци, објаснувања, документи, докази за оправдување на цената | Доставено во предвидениот рок | Образложение за прифатливоста/ причини за неприфатливоста на објаснувањето и доказите |
| 1 | Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица | Почитувани, Согласно ЗЈН, Комисијата за јавни набавки при проверка на комплетноста и валидноста на документацијата и евалуација на Вашата финансиска понуда утврди аритметичка грешка во Вашата понуда. Имено согласно проверката, Вкупната цена без ДДВ за следниве ставки треба да изнесува: 1. Хотелско сместување на база на полу пансион со три ноќевања за 12 лица во Скопје, во еднокреветни соби (почнува со ручек, завршува со доручек) – 216.000 ден. 2. Една сала за конференција во хотел (истиот хотел каде ќе бидат сместени учесници од регионот) за 100 учесници (со проектор, платно за проектирање, табла за флип чарт, топ бела хартија А4, топ флип чарт хартија и маркери во различни бои) – 60.000 ден. 3. Опрема за превод (слушалки, и кабина за преведувачи) за 100 учесници на 3 канали и тоа англиско-македонски и обратно;англиско-српски и обратно; англиско-албански и обратно – 120.000 ден. 4. Материјали 250комплети (папки, пенкала, тетратки, индикатори) високо квалитетни, папки со преклоп со лого од проект со претходно спремен дизајн кој претхотно ќе биде доставен – 75.000 ден. 5. Преведувачи за симултанпревод англиско-македонски и обратно;англиско-српски и обратно; англиско-албански и обратно , вкупно 6 по два за секој тип на превод за два дена. – 120.000 ден. 6. Ручек за 100 учесници за 2 дена додека трае конференцијата на утврдените датуми – 200.000 ден. 7. Освежување (вкупно 4 кафе паузи - еспресо, макијато и вода за 100 учесници во два дена) – 30.000 ден. 8. Превоз за учениците (од Аеродром до хотел во Скопје и обратно и назад) – 18.000 ден. 9. Повратни авионски билети од земјите во регионот Србија, Босна и Херцеговина, , Словенија – 144.000 ден. ( во ред ви е пресметана) 10. Организиран превоз со автомобил за учесниците од Албанија, Косово и Црна Гора – 144.000 ден Вашата вкупна понуда треба да изнесува 1.127.000,00 денари без вклучен ДДВ. Ве молиме најдоцна до 03.10.2022 година да ни доставите изјава за прифаќање на аритметичка | да | Образложението е прифатливо за комисијата |

| Побарани дополнителни податоци, објаснувања, документи и докази | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр | Понудувач/кандидат | Опис на побараните дополнителни податоци, објаснувања, документи, докази за оправдување на цената | Доставено во предвидениот рок | Образложение за прифатливоста/ причини за неприфатливоста на објаснувањето и доказите |
| | | грешка, електронски потпишана од одговорно лице, во спротивно Вашата понуда ќе биде отфрчена од страна на Комисијата за јавни набавки. Со почит Комисија за јавни набавки | | |
| 2 | Друштво за трговија и туризам ТУРИСТ ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Битола | Почитувани, Согласно ЗЈН, Комисијата за јавни набавки при проверка на комплетноста и валидноста на документацијата и евалуација на Вашата финансиска понуда утврди аритметичка грешка во Вашата понуда. Имено согласно проверката, Вкупната цена без ДДВ за следниве ставки треба да изнесува: 1. Хотелско сместување на база на полу пансион со три ноќевања за 12 лица во Скопје, во едно-креветни соби (почнува со ручек, завршува со доручек) – 469,80 ден. 2. Една сала за конференција во хотел (истиот хотел каде ќе бидат сместени учесници од регионот) за 100 учесници (со проектор, платно за проектирање, табла за флип чарт, топ бела хартија А4, топ флип чарт хартија и маркери во различни бои) – 74.160 ден. Вашата вкупна понуда треба да изнесува 1.423.069,80 денари без вклучен ДДВ. Ве молиме најдоцна до 03.10.2022 година да ни доставите изјава за прифаќање на аритметичка грешка, електронски потпишана од одговорно лице, во спротивно Вашата понуда ќе биде отфрчена од страна на Комисијата за јавни набавки. Со почит Комисија за јавни набавки | да | Образложението е прифатливо за комисијата |

Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**

- Сектор за финансиски прашања -
Одделение за јавни набавки тел 02 3106 449

Архивски број: 02-6308/10
Датум: 19-10-2022

Врз основа на член 112 став 1 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ 24/2019 и 87/2021), а во врска со член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19 и 110/19 ), министерот за труд и социјална политика, донесе

## ОДЛУКА
### за избор на најповолна понуда

1. Во врска со постапката за доделување на договор за јавна набавка на услуги објавена на ЕСЈН со број на оглас 14648/2022 со предмет –набавка на услуги за организирање на регионална конференција за размена на најдобрите практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен балкан, спроведена како поедноставена отворена постапка за најповолна понуда се избра понудата доставена од понудувачот : Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица.

2. Постапката за доделување на договор за јавна набавка се спроведе согласно одредбите од Законот за јавни набавки, како поедноставена отворена постапка, со користење на електронски средства согласно член 49 став 1 и член 59 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ 24/2019 и 87/2021).

3. Се задолжува Комисијата за јавни набавки да ја спроведе оваа одлука.

4. За содржината на оваа одлука да се известат сите учесници во постапката.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на конечноста на одлуката.

### *Образложение*

Министерството за труд и социјална политика, спроведе постапка преку ЕСЈН со број на оглас 14648/2022 со предмет –набавка на услуги за организирање на регионална конференција за размена на најдобрите практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен балкан.

- Сектор за финансиски прашања –
Одделение за јавни набавки тел 02 3106 449

Критериум за избор на најповолна понуда утврден со тендерската документација е економски најповолна понуда - најниска цена.

Во рокот утврден како краен за доставување на понудите, 19.09.2022 година, пристигнати се 2 (едве) понуди доставени од понудувачите:

| Реден број | Понудувач |
|---|---|
| 1 | Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица |
| 2 | Друштво за трговија и туризам ТУРИСТ ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Битола |

Комисијата за јавни набавки пристапи кон проверка дали е објавена негативна референца на понудувачот во ЕСЈН и изготви Записник од јавно отварање на понудите арх.бр.02-6308/3 од 19.09.2022 година.

При проверка на комплетноста и валидноста на доставената документација од страна на економскиот оператор и по извршената евалуација на понудите, Комисијата за јавни набавки констатира дека доставените понуди се прифатливи и преку ЕСЈН ги покани понудувачите да учествуваат на електронска аукција за ден 07.10.2022 година.

Согласно Извештајот за текот на електронска аукција, Комисијата за јавни набавки изготви Извештај од спроведена постапка и Предлог за измена и дополнување на Одлука за јавна набавка за организирање на регионална конференција за размена на најдобрите практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен балкан со образложение дека поради итност на постапката и одржување на конференцијата поефикасно да се дообезбедат средства за реализација на предметот на набавката, како и економски е поисплатливо од повторување на постапката , врз основа на кое дава предлог за избор на најповолна понуда доставена од понудувачот: **Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Струмица.**
Имајќи го предвид горенаведеното и предлогот на Комисијата за јавни набавки, Министерот за труд и социјална политика одлучи како во диспозитивот на оваа одлука .

<u>Упатство за правно средство:</u>

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

- Сектор за финансиски прашања –
Одделение за јавни набавки тел 02 3106 449

бр. 24/19 и 87/21), може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка (член 138 став 1), во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на евалуацијата на понудите во согласност со член 143 од законот.

Жалбата се изјавува согласно одредбите на член 142 од Законот за јавни набавки, во електронска форма.
Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН.

**Министер,**
**Јованка Тренчевска**

Доставено до:
- ЕСЈН(понудувачи)
- архива на МТСП
- досие на постапка

Изготвил:Маја Додевска Пешевска, Советник
Одобрил: Славица Костовска, Раководител на сектор


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

- Сектор за финансиски прашања –
Одделение за јавни набавки тел 02 3106 449

Архивски број: 02-6308/9
Датум: 19-10-2022

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000, 44/2002, 130/2008, 167/2010 и 51/2011 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019 и 110/2019) и врз основа на член 77 став 5 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/19), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ОДЛУКА
## за измена и дополнување на одлука за јавна набавка за организирање на регионална конференција за размена на најдобрите практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен балкан

1. Во текот на спроведувањето на постапката за доделување договор за јавна набавка на услуги спроведена како поедноставена отворена постапка по оглас бр.214648/2022, со предмет: организирање на регионална конференција за размена на најдобрите практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен балкан, прворангираната најповолна понуда е со цена повисока од износот на средства утврден во одлуката за јавна набавка бр.02-6308/1 од 02.09.2022 година.

1.1 Согласно наведеното се донесува одлука за измена и дополнување на одлуката за јавна набавка со предмет: организирање на регионална конференција за размена на најдобрите практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен балкан арх. бр. 02-6308/1 од 02.09.2022 година. Точка 3. од Одлуката за поедноставена отворена постапка за јавна набавка за организирање на регионална конференција за размена на најдобрите практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен балкан арх. бр. 02-6308/1 од 02.09.2022 година се менува и гласи:

1.2. За реализација на точка 1 од оваа Одлука потребни се средства во износ од 1.127.000,00 денари без вклучен данок на додадена вредност, односно 1.329.860,00 ден. со вклучен ДДВ и истите се обезбедени во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика на донаторска сметка 1500100299785G1, за кое е


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

добиена согласност од Сектор за еднакви можности при Договорниот орган, како и предвидена во Планот за јавни набавки за 2022 година.

*Образложение*

Со оваа одлука се дообезбедуваат средства во износ од 57.000,00 ден. без вклучен ДДВ, односно 67.260,00 ден. со вклучен ДДВ, со што вкупните средства за реализација на предметот на договор се во износ од 1.127.000,00 денари без вклучен ДДВ, односно 1.329.860,00 денари со вклучен ДДВ се обезбедени во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика на донаторска сметка 1500100299785G1, за кое е добиена согласност од Сектор за еднакви можности при Договорниот орган.

Комисијата за јавни набавки одлучи дека поради итност на постапката и одржување на конференцијата поефикасно да се дообезбедат средства за реализација на предметот на набавката како и економски поисплатливо од повторување на постапката.

2. Одлуката за дополнување на одлуката за јавна набавка влегува во сила од денот на донесувањето.
3. Примероци од оваа одлука да се достават до:

*- Секторот за општи, правни, нормативни и заеднички работи*
*- Архивата на Министерството за труд и социјална политика*
*- Комисија за јавни набавки*

Министер,
Јованка Тренчевска

Изработил: Маја Додевска Пешевска, Советник
Одобрил: Славица Костовска, Раководител на сектор

Друштво за производство,трговија и услуги
ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 518-22
04.11.2022 год.
Струмица

02-6308/19
02-11-2022

# ДОГОВОР

## За набавка на услуги за организирање на регионална конференција за размена на најдобри практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен Балкан

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за труд и социјална политика**, со седиште на ул.„Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министер Јованка Тренчевска, во понатамошниот текст: Набавувач , и
2. **Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ** увоз-**извоз Струмица**, со ЕМБС 6956378, со седиште на ул. Брака Миладинови бр.18 2400 Струмица претставувано од управител Тони Костов, во понатамошниот текст: Носител на набавката.

ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ)

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:

1) „Договорен орган" е субјект дефиниран во член 9 став (1) точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки;

2) „Носител на набавката" е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;

3) „Договор за јавна набавка на услуги" е договор за јавна набавка чиј предмет е набавка на услуги, освен услугите од член 2 став 1 точка 5 од Законот за јавни набавки;

4) „Договорна цена" е цената која ја побарува насителот на набавката како што е утврдено во овој Договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го дал.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е **организирање на регионална конференција за размена на најдобри практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен Балкан.**

Врз основа на за Договорот за „Унапредување на институционализацијата на РОБ преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмирање на владините институции во Северна Македонија" помеѓу Министерството за труд и социјална политика и UN Women- Тело на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените, од 21.11.2019 година, бр. 17-8716/1 и анекс договор бр. 17-5664/1 од 17.08.2021 година. и анекс договор бр. 17-8382/2 од 24.12.2021 година, Министерство за труд и социјална политика организира: **Регионална конференција за размена на најдобрите практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен Балкан.**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка на услуги како поедноставена отворена постапка во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи) и важечките подзаконски акти, како и материјалните прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-6308/1 од 02.09.2022 година, Одлука за избор за најповолен понудувач со архивски број 02-6308/10 од 19.10.2022 година, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите и барањата предвидени во тендерската документација.

Услугите кои се предмет на овој договор ќе бидат извршени во согласност со Техничката спецификација од тендерската документација и понудата на носителот на набавката.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Времетраење на договорот за набавка на услуги за организирање на регионална конференција за размена на најдобрите практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен балкан е 6 (шест) месеци, сметано од денот на склучување на договорот.

ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на договорот, е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Вредноста на овој договор изнесува 1.127.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност. Данокот на додадена вредност изнесува 137.080,00 денари.

Вкупната цена на набавка со пресметан данок на додадена вредност изнесува 1.264.080,00 денари.

Единечните и вкупните цени за услугите за организирање на регионална конференција за размена на најдобри практики за вклучување на родовите текови во политиките и буџетите меѓу националните родови машинерии на Западен Балкан се:

| Р.бр. | Опис | Ед. Мерка | Количина | Ед.цена без ДДВ | Вк.цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Хотелско сместување на база на полу пансион со три ноќевања за 12 лица во Скопје, во едно-креветни соби (почнува со ручек, завршува со доручек) | ден | 3 | 72000 | 216000 | 10800 |
| 2. | Една сала за конференција во хотел (истиот хотел каде ќе бидат сместени учесници од регионот) за 100 учесници (со проектор, платно за проектирање, табла за флип чарт, топ бела хартија А4, топ флип чарт хартија и маркери во различни бои) | ден | 2 | 30000 | 60000 | 3000 |
| 3. | Опрема за превод (слушалки, и кабина за преведувачи) за 100 учесници на 3 канали и тоа англиско-македонски и обратно;англиско-српски и | ден | 2 | 60000 | 120000 | 21600 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | обратно; англиско-албански и обратно | | | | | |
| 4. | Материјали 250 комплети (папки, пенкала, тетратки, индикатори) високо квалитетни, папки со преклоп со лого од проект со претходно спремен дизајн кој претхотно ќе биде доставен | ком. | 250 | 300 | 75000 | 13500 |
| 5. | Преведувачи за симултанпревод англиско-македонски и обратно; англиско-српски и обратно; англиско-албански и обратно, вкупно 6 по два за секој тип на превод за два дена. | ден | 2 | 60000 | 120000 | 21600 |
| 6. | Ручек за 100 учесници за 2 дена додека трае конференцијата на утврдените датуми | ден | 2 | 100000 | 200000 | 10000 |
| 7. | Освежување (вкупно 4 кафе паузи - еспресо, макијато и вода за 100 учесници во два дена) | ден | 2 | 15000 | 30000 | 1500 |
| 8. | Превоз за ученисците (од Аеродром до хотел во Скопје и обратно и назад) | лице | 6 | 3000 | 18000 | 3240 |
| 9. | Повратни авионски билети од земјите во регионот Србија, Босна и Херцеговина, , Словенија. | лице | 6 | 24000 | 144000 | 25920 |
| 10. | Организиран превоз со автомобил за учесниците од Албанија, Косово и Црна Гора | лице | 6 | 24000 | 144000 | 25920 |

Член 5

Начин на плаќање е во рок од 60 дена од денот на прием на фактурата во Архивата на Министерство за труд и социјална политика.

Рокот на плаќање започнува од денот на доставување на фактура во Архивата на Министерството за труд и социјална политика. Во прилог на фактурата Носителот на набавката се обврзува да достави записник за извршени услуги потпишан од двете договорни страни.

ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 6

Договорниот орган ќе бара од понудувачот чија понуда е избрана за најповолна да обезбеди гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вид на банкарска гаранција во вредност од 10% од вредноста на договорот за јавна набавка со важност за целото времетраење на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот Носителот на набавката ја доставува најдоцна во рок до 7 (седум) дена од потпишувањето на договорот и е предуслов за полноважноста на договорот. Во спротивно договорот ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Оваа гаранција се враќа на носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот.

НАЧИН И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Член 7

Носителот на набавката е должен да ги извршува услугите предмет на набавката, на начин опишан во техничката спецификација и согласно условите од тендерската документација.

Во врска со реализација на Регионалната средба на Националите родови механизми, која е дел од активностите во рамки на проектот „Унапредување на институционализацијата на РОБ преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмирање на владините институции во Република Северна Македонија" кој Министерството за труд и социјлана политика го реализира со поддршка од страна на UN Women, на барање од страна на донаторот со арх.бр. 17-7386/1 од 21.10.2022 година се поместуваат иницијално планиранираните датуми на одржување.
Со оглед на тоа дека во текот на месец ноември има неколку веќе потврдени активности, Регионалната конференција за Родово Одговорно Буџетирање на која се очекува учество од страна на повеќе институции, вклучувајќи ги и родовите механизми во регионот, истата ќе биде организирана во првата половина на месец декември. Во овој период се планира конференцијата да се одржи на 06.12.2022 и

07.12.2022 година. Ваквото поместување е неопходно со цел да може целиот тим, вклучително и претставничка од Регионалната канцеларија да присуствуваат на настанот, но исто така и да се овозможи целосна поддршка во подготовките и самата реализација на конференцијата од страна на донаторот.

Носителот на набавката е согласен да ја изврши услугата предмет на договорот во периодот предвиден за одржување на настанот согласно барањето на донаторот.

КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

Член 8

Носителот на набавката презема потполна одговорност за квалитетот на услугите и се обврзува истите во потполност да ги изврши во согласност со условите од овој договор.

Квалитативен и квантитативен прием на услугите врши крајниот корисник на Договорниот орган, за што се изготвува и потпишува записник за извршени услуги потпишан од страна на овластени лица на крајниот корисник на Договорниот орган Сектор за еднакви можности и Носителот на набавката.

Одговорно лице за реализација на договорот кај Договорниот орган е Марија Спасовска или друго лице овластено од Министер .

ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 9

Носителот на набавката се обврзува дека стучно, професионално и квалитетно ќе ги изврши услугите предвидени со овој договор во периодот предвиден за реализација на договорот.
Носителот на набавката се обврзува дека ќе ги исполни сите услови согласно доставената понуда.

ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 10

Договорниот орган се обврзува дека ќе изврши исплата на цената за извршената услуга на начин определен во член 5 од овој Договор.

ВИША СИЛА

Член 11

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините на Виша сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заедничко прифатено дополнување или да се раскине договорно.

ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 12

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 13

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат спорот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 14

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 15

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 16

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од Договорот, другата страна може да го раскине Договорот и да бара надомест на штетата.

Член 17

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува Договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Член 18

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

Член 19

Договорот ќе се смета за раскинат со денот на добивањето на писменото известување за раскинување на Договорот од страна на Носителот на набавката.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 20

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултати, спорот ќе се решава пред надлежниот суд во Скопје.

ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Договорот стапува во сила со денот на депонирањето на оригинална банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот кај Договорниот орган од страна на Носителот на набавката.

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс кон договорот, согласно Законот за јавни набавки и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 22

Договорните страни немаат право своите обврски да ги пренесат на трета страна, без взаемна писмена согласност и согласно Законот за јавни набавки.

Овој Договор е изработен во 4 (четирит) еднообразни примероци од кои 2 (два) за Носителот на набавката и 2 (два) на Договорниот орган.

Договорен орган,

Министер,
Јованка Тренчевска

Носител на набавката,

Управител
Тони Костов

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Советник
Согласен: Славица Костовска, Раководител на сектор
Контролирал: Љубица Панова, Раководител на сектор